**вести - информации**

## НАУЧНО СТРУЧНА ПОСЕТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ "LA SAPIENZA" ВО РИМ-ИТАЛИЈА

*Наташа ЧИЧЕВСКА-ЈОВАНОВА*

Филозофски факултет-Скопје
Институт за дефектологија

Во рамките на меѓусебната научно стручна соработка меѓу Универзитетот "La Sapienza" во Рим и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, наставници од Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје: д-р Љупчо Ајдински, м-р Наташа Чичевска-Јованова, м-р Даниела Димитрова-Радојичиќ и м-р Зоран Киткањ од 11 до 18 декември 2005 година престојувавме на Факултетот за специјална психологија во Рим.

За време на посетата се запознаме со организацијата, наставниот план и програмите, изведувањето на теоретската и практичната настава на Факултетот за специјална психологија, како и со целосната организациона структура на Универзитетот. Исто така домаќините овозможија посета на неколку институции за третман на деца и младинци попречени во психичкиот развој: редовно основно училиште во кое има вклучено деца со лесна попреченост во развојот, стан во станбена зграда каде се сместени шест лица со Down-синдром и една институција за згрижување и работна терапија на лица со тешка попреченост.

Адреса за сепаратите:
*Наташа Чичевска-Јованова*
Филозофски факултет
Институт за дефектологија
Бул. „Крсте Мисирков" бб
1000 Скопје
Република Македонија
E-mail: cicevska@freemail.com.mk

**news and information**

## EDUCATION-PROFESSIONAL VISIT OF THE UNIVERSITY "LA SAPIENZA" IN ROME, ITALY

*Natasha CHICHEVSKA-JOVANOVA*

Faculty of Philosophy-Skopje
Institute of Special Education and Rehabilitation

Within the mutual scientific and professional cooperation between the La Sapienca University in Rome and Ss Cyril and Methodius University in Skopje, scholars from the Institute of Special Education and Rehabilitation at the Faculty of Philosophy in Skopje: Dr. Ljupcho Ajdinski, Mrs. Natasha Chichevska-Jovanovska, MA, Mrs. Daniela Dimitrova-Radojichikj, MA, and Mr. Zoran Kitkanj, MA, visited the Faculty of Special Psychology in Rome from 11 to 18 December 2005.

During the visit we got to know the organization, the curriculum and the syllabuses, the theoretical studies and practical training at the Faculty of Special Psychology, as well as the organizational structure of the University. The hosts enabled us to visit several institutions for treatment of children and youth psychic and developmental disabilities: regular primary school in which children with easy developmental disabilities are included, a flat in a block of flats where six people with Down syndrome were accommodated and one institution for care and work therapy of people with hard disabilities.

Address requests for reprint to:
*Natasha Chichevska-Jovanova*
Faculty of Philosophy
Institute of Special Education and Rehabilitation
Bull. "Krste Misirkov" bb
1000 Skopje
Republic of Macedonia
E-mail: cicevska@freemail.com.mk

Во текот на престојот, одржавме неколку предавања пред наставниците и студентите од трета и четврта година на спомнатиот факултет:

- Д-р Љупчо Ајдински: „Законските права на инвалидните лица во Република Македонија „Спроведување на интеграцијата на лицата со инвалидност во Република Македонија"; а во дискусијата се осврна и за „Примената на терминологијата за лицата со инвалидност во светот и кај нас".
- М-р Наташа Чичевска-Јованова: „Ставовите на воспитно-образовниот кадар кон инклузијата на учениците со пречки во развојот".
- М-р Даниела Димитрова-Радојичиќ: „Ставовите на студентите кон примената на видео-интеракцијата во наставата како нов методски пристап".
- М-р Зоран Киткањ: „Ученици со социо-воспитни проблеми и нарушено поведение и инклузивното образование".

Предавањата предизвикаа интерес кај слушателите во преполнетата сала, се поставија голем број прашања и се разви плодна дискусија.

Според сето она што беше овозможено да го видиме на стручен план во однос на концепцијата во остварувањето на едукацијата, може да кажеме дека Факултетот стои на високо рамниште, а постојат и некои заеднички карактеристики меѓу нашите два факултети. Во однос на организацијата и работата на посетените установи упативме честитки кон вработените и корисниците.

Во слободното време домаќините организираа заедничка посета на културно-историски знаменитости и разгледување на градот Рим од каде понесовме незаборани впечатоци.

We held lectures in front of the scholars and the students of the third and the fourth year of the mentioned Faculty:

- Dr. Ljupcho Ajdinski: "The legal rights of the disabled people in the Republic of Macedonia", "Realization of the integration of disabled people in the Republic of Macedonia", and during the discussions he turned to "The Implementation of terminology for people with disabilities worldwide and in our country."
- Mrs. Natasha Chichevska-Jovanova, MA: "The Attitudes of the upbringing-educational staff towards inclusion of pupils with developmental disabilities."
- Mrs. Daniela Dimitrova-Radojichikj, MA: "Students' attitudes towards the implementation of video-interaction in the studies as a new methodological approach."
- Mr. Zoran Kitkanj, MA: "Pupils with socio-education problems and impaired behaviour and inclusive education."

The lectures aroused interest of the students, a lot of questions were asked and there was fruitful discussion afterwards.

According to what we were able to see of the professional plan and the concept to realize the educational process, we consider the work of the Faculty with high quality and professionalism, and there are mutual characteristics of the two faculties. In regard with the organization and the work of the visited institutions we express our gratitude and congratulations to their employees and beneficiaries.

Our hosts organized some social activities as visiting some cultural and historical monuments and sightseeing of Rome, unforgettable impressions for us.